**Повик за млади истражувачи во областите образование, политики за млади, социјални и политички прашања од важност за младите**

Младински образовен форум (МОФ) отвора повик за млади истражувачи во склоп на Проектот за образовни центри за советување и алумни стипендисти на Фондации Отворено општество (ФОО). Целта на проектот е да се искористат ресурсите и капацитетите на МОФ и знаењето и искуството на алумни стипендистите градејќи мрежа на млади истражувачи.

Во склоп на проектот ќе бидат поддржани четири истражувачки трудови, а истите ќе ги спроведат млади истражувачи кои ќе бидат менторирани од искусни истражувачи од МОФ и мрежата на алумни стипендисти на ФОО.

**За учество апликантите треба да ги исполнат следните услови:**

- Да се студенти или дипломирани лица на возраст од 19 до 26 години;
- Да покажуваат интерес во истражувања во областите образование, политики за млади, социјални и политички прашања од важност за младите;
- Да имаат разбирање за клучни младински проблеми на локално и национално ниво;
- Да се во можност да посетат дводневна обука за млади истражувачи, надвор од Скопје;
- Да се во можност да работат во тим и учествуваат во истражувањето со поддршка од ментор во периодот од јануари до мај 2019;
- Да го финализираат истражувањето до 31-ви мај 2019;
- Да присуствуваат на 4 предавања на Алумни стипендистите, организирани од МОФ
- Да го презентираат своето истражување на завршниот настан организиран од МОФ.

Сите заинтересирани можат да се пријават индивидуално или како тим најдоцна до **21ви јануари (понеделник) 2019 година** на policy@mof.org.mk.

**За аплицирање потребно е да се достават следните документи:**

1. CV на апликантот или апликантите доколку се аплицира како тим
2. Резиме за предлог истражување (најмалку една страна)
3. Предлог методологија за истражувањето (најмалку една страна)
4. Распределба на средства – Буџет (Анекс 2, страна - Буџет)
5. Временска рамка (Анекс 2, страна – Временска рамка)

Резимето, методологијата и буџетот за предлогот истражувањето може да бидат доставени индивидуално или од група на истражувачи (максимум тројца истражувачи). Изборот ќе го врши комисија составена од претставници на МОФ и алумни стипендистите и ќе биде врз база на бројот на поени добиени во различните критериуми наведени подоле во повикот - Анекс 1.

**Ќе бидат селектирани апликациите кои:**

- Се навремено и комплетно доставени;
- Соодветствуваат со наведените области од повикот;
- Буџетот за предлог – апликацијата нема да го надмине максималниот износ;
- Доколку се пријават повеќе апликации на иста тема/област, ќе биде поддржана апликацијата која има повеќе поени (Анекс 1).

Организаторот може да побара дополнителни информации за истражувањето од истражувачот/тимот истражувачи.

Предност ќе имаат апликантите кои до сега не добиле поддршка за истражувачки трудови од МОФ.

Најдобрите четири предлог истражувања ќе бидат реализирани и менторирани во текот јануари – мај 2019. Вкупниопт буџет на секое истражување ќе биде во износ од 35.000 до 45.000 денари и истиот треба да ги содржи сите трошоци за успешно реализирање на истражувањето. Избраните истражувачи/тимови на истражувачи ќе имаат 4 месеци за изработка на трудовите од времето на потпишување на договорот, реализирајќи ги најдоцна до 31-ви мај 2019. Секое истражување треба да има биде со должина од најмалку 5000 зборови и да содржи: резиме, методологија, дискусија за наодите за истражувањето, заклучок, препораки и користена литература. Резултатите од истражувањата ќе бидат презентирани на настан организиран од МОФ.

Сите заинтересирани апликанти кои имаат прашања, потреба од консултација или појаснувања за повикот можат да нè контактираат на policy@mof.org.mk.

Програмата е овозможена со поддршка на Фондациите Отворено општество.

Контактирајте нè за повеќе информации:
е-маил: policy@mof.org.mk
Тел: 02/3139 692
Лице за контакт: Мартина Илиевска

АНЕКС 1

| Оцена за квалитет на апликацијата | |
|---|---|
| **Критериуми** | **Поени** |
| **Релевантноста на темата на истражувањето** | **20** |
| - Колку темата соодветствува со повикот е од важност за младите | |
| **Квалитетот на резимето** | **40** |
| - Претставување на темата, целта на темата и влијанието кое ќе го има врз младите и/или младинските и образовните политики | |
| **Конзистентноста на методологијата** | **20** |
| - Колку од методите и предложените истражувачки алатки соодветствуваат со предложената тема | |
| **Буџет и ефикасност на трошоците** | **10** |
| - Колку активностите се соодветни со буџетот | |
| **Професионалното искуство на истражувачот/ истражувачкиот тим** | **10** |
| - Колкави се капацитетите и претходното искуство на истражувачот/ истражувачкиот тим | |
| **Вкупно** | **100** |